**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК**
**Ул.Св.Кирил и Методијбр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

ПП.Бр: 09-12/

Врз основа на член 28 став (2), член 30 став (1) и член 45 став (1) точка (1) од Законот за заштита на конкуренцијата ("Службен весник на Република Македонија,, бр.145/10, 136/11 и 41/14), Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата составена од Чедомир Краљевски - претседател, Благој Чурлинов и Насер Жарку - членови, постапувајќи во постапката поведена по службена должност против **Словениа Бродбенд С.а.р.л.** XXX застапувано од полномошник Леонид Ристев и Ѓорѓи Георгиевски, адвокати од Скопје, на седницата одржана на 07.05.2014 година го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека **Словениа Бродбенд С.а.р.л. Луксембург** XXX застапувано од полномошник Леонид Ристев и Ѓорѓи Георгиевски, адвокати од Скопје како претпријатие кое стекнало контрола над Солфорд Трејдинг Лимитед **иако согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата било должно** до Комисијата за заштита на конкуренцијата **да достави известување за концентрација пред нејзиното спроведување** односно пред поднесувањето на пријава за промени во надлежниот регистар на ден 21.08.2013 година, **а по склучување на Договор за пренос на акции ден 20.08.2013 година**, **истото не поднело известување за концентрација, со што сторило прекршок од член 60 став (1) точка 1)** од Законот за заштита на конкуренцијата за што му се изрекува **санкција - глоба во износ од 307.500,00** денари што претставува XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход на МЕП Групацијата остварен во 2012 година како година која и претходи на концентрацијата.
2. **Се утврдува дека** Словениа Бродбенд С.а.р.л. Луксембург XXX застапувано од полномошник Леонид Ристев и Ѓорѓи Георгиевски, адвокати од Скопје како претпријатие кое стекнало контрола над Солфорд Трејдинг Лимитед **иако согласно член 18 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата не смеела да ја спроведе концентрацијата пред да биде поднесено известување за истата,** односно пред 30.10.2013, Словениа Бродбенд С.а.р.л. Луксембург **ја спровела концентрацијата на 21.08.2013 година со** поднесувањето на пријава за промени во надлежниот регистар**, со што сторило прекршок од член 60 став (1) точка 2) од Законот** за заштита на конкуренцијата за што му се изрекува **санкција - глоба во износ од 123.000,00 денари** што претставува XXX од вредноста на вкупниот годишен приход на МЕП Групацијата остварен во 2012 година како година која и претходи на концентрацијата.

3. Глобите од точка 1) и 2) од ова решение сторителот на прекршокот е должен да ги плати во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението на трансакциска сметка на налогопримач: 100-0000000630-95, уплатна сметка: 840xxx[1]07337 - глоби за сторени прекршоци од областа во надлежност на Комисијата за заштита на конкуренцијата, со приходна шифра 722139 и програма 00, налогопримач - Министерство за финансии, банка на примач - НБРМ. Неплатената глоба или ненавремено платената глоба, ќе се наплати по присилен пат. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

[1] Се наведува ознаката на општината согласно Списокот на општини со ознаки во Република Македонија, кој е составен дел на Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи (Службен весник на Р.М. бр.8/06)

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК**
**Ул.Св.Кирил и Методијбр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

**О б р а з л о ж е н и е**

Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата (во натамошниот текст:КОП) постапувајќи согласно законските овластувања со заклучок бр.09-12/1 од 30.01.2014 година од Словениа Бродбенд С.а.р.л Луксембург, побара доставување на извод од трговски регистар за Солфорд Трејдинг Лимитед Кипар, со историјат на промени и објаснување кога е поднесено барањето од Словениа Бродбенд С.а.р.л. Луксембург до централниот регистар за впишување на измените во сопственоста на Солфорд Трејдинг Лимитед Кипар, односно наведување на датумот кога е извршена/спроведена концентрацијата помеѓу Словениа Бродбенд С.а.р.л.Луксембург и Солфорд Трејдинг Лимитед Кипар.

Со допис бр. 09-12/2 од 19.02.2014 година од Словениа Бродбенд С.а.р.л Луксембург, делумно одговори на наведениот заклучок, при што побара и продолжување на рокот заради доставување на оригинални документи.

Со допис бр.09-12/3 од 24.02.2014 година КОП одговори на барањето за продолжување на рокот.

Со допис бр 09-12/4 од 27.02.2014 година Словениа Бродбенд С.а.р.л Луксембург, ги достави дополнителните документи и податоци.

КОП со заклучок бр.09-12/5 од 17.03.2014 година по службена должност поведе прекршочна постапка против Словениа Бродбенд С.а.р.л.(Slovenia Broadband S.a.r.l.) XXX застапувано од полномошник Леонид Ристев и Ѓорѓи Георгиевски, адвокати од Скопје, заради неподнесување на известување за концентрација согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), што претставува прекршок од член 60 став (1) точка 1) од Законот и заради спроведување на концентрација спротивно на член 18 став (1) од Законот, што претставува прекршок од член 60 став (1) точка 2) од Законот.

Со заклучокот за поведување на прекршочна постапка КОП го задолжи Словениа Бродбенд С.а.р.л Луксембург согласно член 40 од Законот, да достави податоци за вкупно остварени приходи од Словениа Бродбенд С.а.р.л. Луксембург во 2012 година, пресметани согласно член 16 од Законот, односно вкупниот приход кој се состои од износите остварени со продажбата на стоки произведени во редовното работење на претпријатието, како и од износите од услугите што претпријатието ги дава во своето редовно работење, а остварени во деловната година што и претходи на концентрацијата, по одземање на продажните рабати (попусти) и на данокот на додадена вредност и другите јавни давачки директно поврзани со приходот, ако еден од учесниците е поврзано претпријатие во смисла на одредбите од Законот, при пресметувањето на неговиот вкупен приход, сите претпријатија што се поврзани на таков начин ќе се третираат како едно претпријатие, при што кога се пресметува вкупниот приход на поврзаните претпријатија нема да се земат предвид износите остварени од продажбите на стоки и/или давањето на услуги помеѓу нив.

Со допис бр. 09-12/6 од 25.03.2014 година Словениа Бродбенд С.а.р.л Луксембург одговори на наведениот заклучок.

На 31.03.2014 година КОП до Словениа Бродбенд С.а.р.л Луксембург достави Прелиминарно известување за дотогаш утврдената фактичка состојба бр 09-12/7.

Со допис бр.09-12/8 од 16.04.2014 година Словениа Бродбенд С.а.р.л Луксембург се изјасни по Прелиминарното известување.

**Ул.Св.Кирил и Методијбр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** **www.kzk.gov.mk** e-mail: **kzk@kzk.gov.mk**

На 22.04.2014 година КОП донесе Конечно известување за утврдена фактичка состојба бр. 09-12/9 и истото го достави до Словениа Бродбенд С.а.р.л Луксембург.

Со допис бр.09-12/10 од 30.04.2014 година Словениа Бродбенд С.а.р.л Луксембург се изјасни по Конечното известување.

Врз основа на анализа на доставените податоци и документи, како и врз основа на списите од предметот бр. 08-145 КОП во досегашната постапка, ја утврди следната фактичка состојба:

До Комисијата за заштита на конкуренцијата на ден 30.10.2013 година, а дополнето на 11.12.2013 и 12.12.2013 година Словениа Бродбенд С.а.р.л.Луксембург, согласно одредбите од член 15 став (1) од Законот поднела известување за концентрација (бр. 08-145) според кое Словениа Бродбенд С.а.р.л.Луксембург, стекнала контрола над Солфорд Трејдинг Лимитед XXX**.**

Согласно член 12 став (1) точка 2) алинеа 2 од Законот, **концентрација настанува** со промена на контролата на долгорочна основа, а особено како резултат на стекнување на директна или индиректна контрола на целото или делови од едно или повеќе други претпријатија од едно или повеќе претпријатија, преку купување на хартии од вредност или имот, со договор или на друг начин пропишан со закон.

**Словениа Бродбенд С.а.р.л. Луксембург, врз основа на договор за купување на акции од 20.08.2013 година стекнала контрола над Солфорд Трејдинг Лимитед, Кипар**, со што настанала концентрација согласно член 12 став (1) точка 2) алинеа 2 од Законот.

Видно од известувањето за концентрација бр. 08-145 поднесено до Комисијата за заштита на конкуренцијата, Словениа Бродбенд С.а.р.л. Луксембург е под крајна контрола на Мид Еуропа Партнерс ЛЛП (во понатамошниот текст: МЕП), XXX. Во состав на МЕП групата во Македонија работи Тотал ТВ ДОО Скопје со седиште на Ул. Прашка бб, Скопје, Република Македонија.

Согласно член 14 став (1) точка 1) од Законот известување за концентрација до Комисијата за заштита на конкуренцијата се поднесува ако заедничкиот вкупен годишен приход на сите претпријатија учесници, остварен со продажба на стоки и/или услуги на светскиот пазар, го надминува износот од 10 милиони евра во денарска противвредност, по курсот на денот на составување на годишната пресметка, остварен во деловната година што и претходи на концентрацијата, при што најмалку еден учесник мора да биде регистриран во Република Македонија.

Од доставените податоци за 2012 година за МЕП видно е дека истиот во 2012 година остварил вкупен годишен приход на светскиот пазар во износ од XXX евра, односно XXX денари[2].

Од ова произлегува дека вкупниот годишен приход на МЕП, изнесува XXX евра и оттука го надминува износот од 10 милиони евра во денарска противвредност, како и дека најмалку еден од учесниците во концентрацијата (во конкретниот случај МЕП) е регистриран во Република Македонија (преку Тотал ТВ ДОО Скопје).

[2] (среден курс на Народна банка на Република Македонија на 31.12.2012 година, 1 евро = 61,5 денари)

Ул.Св.Кирил и Методијбр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Оттука, неспорно е дека биле исполнети условите за известување за концентрација од член 14 став (1) точка 1) од Законот, па согласно истиот член морало да биде поднесено известување за концентрација до Комисијата за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 15 став (1) од Законот учесниците во коцентрацијата се должни до Комисијата за заштита на конкуренцијата да достават известување за концентрација пред нејзиното спроведување, а по склучување на договорот.

Согласно член 15 став (3) од Законот, известување за концентрација поднесува лице, односно претпријатие кое стекнува контрола над цело или дел од едно или повеќе претпријатија.

Во конкретниот случај, а со оглед на фактот дека **Словениа Бродбенд С.а.р.л. Луксембург** е претпријатие кое стекнало контрола над Солфорд Трејдинг Лимитед согласно член 15 став (3) од Законот истото било должно до Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави известување за концентрација по склучување на **Договор за пренос на акции**, на ден 20.08.2013 година**,** а пред спроведување на концентрацијата.

Во конкретниот случај спроведување на концентрацијата настанува со **поднесувањето на пријава за промени во надлежниот регистар на ден 21.08.2013 година.**

Словениа Бродбенд С.а.р.л. Луксембург **известување за наведената концентрација до Комисијата за заштита на конкуренцијата доставил на ден 30.10.2013 година** година.

За сторениот прекршок, на Словениа Бродбенд С.а.р.л. Луксембург ) согласно член 60 став (1) точка 1) од Законот ќе му се изрече прекршочна санкција – глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во деловната година што и претходи на концентрацијата пресметан согласно член 16 од Законот*, односно вкупниот приход кој се состои од износите остварени со продажбата на стоки произведени во редовното работење на претпријатието, како и од износите од услугите што претпријатието ги дава во своето редовно работење, а остварени во деловната година што и претходи на концентрацијата, по одземање на продажните рабати (попусти) и на данокот на додадена вредност и другите јавни давачки директно поврзани со приходот, ако еден од учесниците е поврзано претпријатие во смисла на одредбите од Законот, при пресметувањето на неговиот вкупен приход, сите претпријатија што се поврзани на таков начин ќе се третираат како едно претпријатие, при што кога се пресметува вкупниот приход на поврзаните претпријатија нема да се земат предвид износите остварени од продажбите на стоки и/или давањето на услуги помеѓу нив.*

Во утврдувањето на износот на глобата, согласно член 64 од Законот, КОП ги зема во предвид тежината на прекршокот, времетраењето на прекршокот и степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот. КОП при одмерување на глобата, најпрво определува основен износ на глобата, а потоа истиот го прилагодува, земајќи ги во предвид олеснителните или отежнителните околности. Дополнително, КОП може да го зголеми износот на глобата заради постигнување на одвратувачки ефект.

При одмерување на глобата КОП ќе ги земе во предвид следните олеснителни околности:
- Комисијата за заштита на конкуренцијата со решението бр 08-145 од 09.01.2014 година, утврди дека наведената концентрација е во согласност со одредбите од Законот, па оттука со спроведувањето на концентрацијата не е нарушена конкуренцијата и не се предизвикани последици по конкуренцијата на пазарот.

**Ул.Св.Кирил и Методијбр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** **www.kzk.gov.mk** e-mail: **kzk@kzk.gov.mk**

- Словениа Бродбенд С.а.р.л. Луксембург доброволно ја информирала Комисијата за заштита на конкуренцијата за концентрацијата поднесувајќи известување за концентрација бр. 08-144 од 30.10.2013 година, а дополнето на 11.12.2013 и 12.12.2013 година.

- Словениа Бродбенд С.а.р.л. Луксембург ефективно соработуваше со КОП за време на постапката.

1. Врз основ на горенаведеното КОП утврди дека Словениа Бродбенд С.а.р.л. Луксембург како претпријатие кое стекнало контрола над Солфорд Трејдинг Лимитед **иако согласно член 15 од Законот било должно** до Комисијата за заштита на конкуренцијата **да достави известување за концентрација пред нејзиното спроведување** односно пред поднесувањето на пријава за промени во надлежниот регистар на ден 21.08.2013 година, **а по склучување на Договор за пренос на акции ден 20.08.2013 година**, **истото не поднело известување за концентрација, со што сторило прекршок од член 60 став (1) точка 1) од Законот** за што му се изрекува **санкција - глоба во износ од 307.500,00** денари што претставува XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход на МЕП Групацијата остварен во 2012 година како година која и претходи на концентрацијата

2. Понатаму**,** согласно член 18 став (1) од Законот, концентрацијата не смее да се спроведе ниту пред да биде поднесено известување за истата до Комисијата за заштита на конкуренцијата, ниту по поднесувањето на известувањето, се додека не биде донесено решение дека концентрацијата е во согласност со одредбите од Законот.

КОП од приложениот извод од трговскиот регистар со историјат на промени за Солфорд Трејдинг Лимитед доставен до КОП со допис бр.09-12/2 од 19.02.2014 година утврди дека Словениа Бродбенд С.а.р.л. Луксембург стекнала сопственост над Солфорд Трејдинг Лимитед односно дека концентрацијата е спроведена пред да биде поднесено известувањето до Комисијата за заштита на конкуренцијата, со што Словениа Бродбенд С.а.р.л. Луксембург постапила спротивно на член 18 став (1) од Законот.

**Спроведување на концентрација спротивно на член 18 став (1) од Законот претставува прекршок од член 60 став (1) точка 2) од Законот.**

КОП утврди дека **времетраењето на прекршокот** од член 60 став (1) точка 2) од Законот е **од 21.08.2013 година** како ден кога Словениа Бродбенд С.а.р.л. Луксембург поднела пријава за промени во надлежниот регистар односно стекнала контрола **до 30.10.2013 година** како ден кога е поднесено известување за концентрација. **Врз основа на ова периодот во кој траел прекршокот изнесува 2 месеци.**

За сторениот прекршок, на Словениа Бродбенд С.а.р.л. Луксембург согласно член 60 став (1) точка 2) од Законот ќе му се изрече прекршочна санкција – глоба во износ до 10% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во деловната година што и претходи на концентрацијата пресметан согласно член 16 од Законот, *односно вкупниот приход кој се состои од износите остварени со продажбата на стоки произведени во редовното работење на претпријатието, како и од износите од услугите што претпријатието ги дава во своето редовно работење, а остварени во деловната година што и претходи на концентрацијата, по одземање на продажните рабати (попусти) и на данокот на додадена вредност и другите јавни давачки директно поврзани со приходот, ако еден од учесниците е поврзано претпријатие во смисла на одредбите од Законот, при пресметувањето на неговиот вкупен*

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК**

**Ул.Св.Кирил и Методијбр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

*приход, сите претпријатија што се поврзани на таков начин ќе се третираат како едно претпријатие, при што кога се пресметува вкупниот приход на поврзаните претпријатија нема да се земат предвид износите остварени од продажбите на стоки и/или давањето на услуги помеѓу нив.*

Во утврдувањето на износот на глобата, согласно член 64 од Законот, КОП ќе ги земе во предвид тежината на прекршокот, времетраењето на прекршокот и степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот. КОП при одмерување на глобата, најпрво определува основен износ на глобата, а потоа истиот го прилагодува, земајќи ги во предвид олеснителните или отежнителните околности. Дополнително, КОП може да го зголеми износот на глобата заради постигнување на одвратувачки ефект.

При одмерување на глобата КОП ќе ги земе во предвид следните олеснителни околности:

- Комисијата за заштита на конкуренцијата со решението бр 08-145 од 09.01.2014 година, утврди дека наведената концентрација е во согласност со одредбите од Законот, па оттука со спроведувањето на концентрацијата не е нарушена конкуренцијата и не се предизвикани последици по конкуренцијата на пазарот.

- Словениа Бродбенд С.а.р.л. Луксембург доброволно ја информира Комисијата за заштита на конкуренцијата за концентрацијата поднесувајќи известување за концентрација бр. 08-145 од 30.10.2013 година, а дополнето на 11.12.2013 и 12.12.2013 година.

- Словениа Бродбенд С.а.р.л. Луксембург ефективно соработуваше со КОП за време на постапката.

Имајќи го предвид горенаведеното КОП го утврди износот на глобата во висина од 61.500,00 денари за секој месец од времетраењето на прекршокот, односно утврди износ на глоба во висина од 123.000,00 денари за 2 месеци вкупно времетраење на прекршокот.

2.Врз основ на горенаведеното КОП утврди дека Словениа Бродбенд С.а.р.л. Луксембург како претпријатие кое стекнало контрола над Солфорд Трејдинг Лимитед **иако согласно член 18 став (1) од Законот не смеела да ја спроведе концентрацијата пред да биде поднесено известување за истата,** односно пред 30.10.2013, Словениа Бродбенд С.а.р.л. Луксембург **ја спровела концентрацијата на 21.08.2013 година со** поднесувањето на пријава за промени во надлежниот регистар**, со што сторило прекршок од член 60 став (1) точка 2) од Законот** за што му се изрекува **санкција - глоба во износ од 123.000,00 денари** што претставува XXX% од вредноста на вкупниот годишен приход на МЕП Групацијата остварен во 2012 година како година која и претходи на концентрацијата.

Заради сето горе наведено се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од осум (8) дена од денот на приемот на ова решение. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**Претседател**
**Чедомир Краљевски**